# III тема: Митологија и верувања

# Увод во митологија

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Што е мит?

- Зборот мит потекнува од старогрчкиот збор μύθος (mythos) и наједноставно се објаснува како ***света приказна*** со којашто се објаснуваат појавите и настаните во светот, а во кои учествуваат боговите, човекот и натприродните суштества (хероите, митолошките суштества, чудовиштата).



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Што е митологија?



- Митологија претставува збирка на митови или приказни распоредени според темите што ги обработуваат, а кои се дел од усната раскажувачка традиција на еден народ или култура.
- Митовите се стари приказни кои усно се прераскажувале од колено на колено.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Митологии на разни народи

- Хеленската митологија ја сочинува збирката на митови на старите Хелени;
- Римската митологија ја сочинува збирката на митови на старите Римјани;
- Египетската митологија на старите Египќани;
- Словенската митологија на старите Словени и др.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 4. Видови на митови

- а) Космогониски митови, оние што раскажуваат за настанокот на вселената и светот;
- б) Теогониски митови, оние што раскажуваат за создавањето и раѓањето на боговите;
- в) Есхатолошки митови, оние што раскажуваат за крајот или уништување на светот;



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Видови на митови

- г) Култни митови, оние што го објаснуваат негувањето на некој култ, изведувањето обреди, празнувањето, одржувањето свечености и сл. Тие раскажуваат и за животот и делото на хероите (полубоговите);
- д) Лунарни, соларни и астрални митови кои раскажуваат за создавањето на небесните тела (Месечината, Сонцето и ѕвездите);
- ѓ) Вегетативни митови, оние што ги објаснуваат промените кои настануваат во природата со смената на годишните времиња;
- е) Ајтиолошки митови, оние што го објаснуваат потеклото на некои нешта како што се пченката, тутунот, водата, огнот, животните, растенијата, болестите и страдањата и др.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Што претставува митот?
- Митот претставува света приказна со којашто се објаснуваат појавите и настаните во светот, а во кои учествуваат боговите, човекот и натприродните суштества.

- Што е митологија?
- Митологија претставува збирка на митови или приказни кои се дел од усна раскажувачка традиција на еден народ или култура.

- Збирката на митови на старите Хелени ја сочинува...
- ...хеленската митологија.

- За што раскажуваат теогониските митови?
- За создавањето и раѓањето на боговите.

- За што раскажуваат космогониските митови?
- За настанокот на вселената и на светот.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# ПРЕПОРАЧАНИ КНИГИ ЗА ЧИТАЊЕ:
## *Грчки митови* од Паскал Гилевски или *Најубавите митови* од Густав Шваб

- Хеленските митови биле и сè уште се инспирација за многу поети, уметници, режисери, научници.
- Читај ги хеленските митови во книгата *Грчки митови* од Паскал Гилевски.
- Освен оваа книга, ја препорачувам и книгата *Најубавите митови* од Густав Шваб.







Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ДОМАШНА ЗАДАЧА:
## Изработка на стрип од омилен мит

- Од митот кој најмногу ќе ти го привлече вниманието треба да изработиш стрип.
- Стрипот ќе го изработиш во исцртани низи со ликови и настани на тврда хартија или тенок картон.
- Пожелно е сите низи од стрипот да бидат обоени.
- Прикачи го стрипот на MS Тимс.





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ПРЕПОРАЧАНИ МИТОВИ ЗА ЧИТАЊЕ:



- Митот за Прометеј
- Митот за Сисиф
- Митот за Тантал
- Митот за Дајдал и Икар
- Митот за Тесеј и Минотаур
- Митот за Пандорината кутија
- Митот за Деметра и Персефона
- Митот за Персеј
- Митот за кралот Ојдип
- Митот за Девкалион и Пира



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND